СУ-02 бр.21/22

Согласно член 88 од Законот за судовите и членовите 2 и 13 од Судскиот деловник, претседателот на Основен суд Кочани Сузана Милевска на 03.11.2022 година го донесе и изготви следниот:

# АКЦИОНЕН ПЛАН
## ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАОСТАТОК НА НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ ЗА 2022 ГОДИНА

### I.СОСТОЈБА СО ЗАОСТАТОК - НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАОСТАТОКОТ

Врз основа на добиените податоци од АКМИС системот во Основен суд Кочани заклучно со месец октомври 2022 година се утврдува дека Основниот суд Кочани 2022 година ја започнал со заостаток од 2021 година од вкупно 1 988 нерешени редовни предмети.

Заклучно со месец октомври 2022 година заостатокот се зголемил на вкупно 2 687 нерешени редовни предмети, односно заостатокот се зголемил за 699 редовни предмети.

Од овој заостаток најголем заостаток се јавува кај извршувањата на прекршочни глоби, трошоци и паушал кај кои од 301 нерешен предмет во јануари 2022 година заостатокот е зголемен на 458 нерешени предмети, односно за околу 157 предмети.

Зголемување на заостатокот се забележува и кај прекршочните предмети каде од заостатокот во јануари 2022 год. од 705 предмети сега се јавува заостаток на прекршочни предмети од 993, односно зголемување во споредба во почетокот на годината за 288 предмети.

Во граѓанската област евидентно е зголемување на предмети од областа на работни спорови каде во јануари 2022 година од претходната година имало заостаток од 46 предмети, заклучно со месец октомври овие предмети се зголемени на 150 односно за 104 предмети.

По останатите уписници се бележи минимално зголемување на заостатокот и тоа скоро во сите области.

Ваквата состојба во судот се должи на повеќе објективни причини и состојби, пред се поради фактот што во 2022 година судот работи со уште еден судија помалку, односно постапуваат само шест судии заедно со претседателот, откако судијата Дарко Ристов беше назначен за вд претседател во Основен суд Берово, но и поради непредвидливиот зголемен прилив на предмети од областа на работните спорови, а во областа на прекршочните предмети промената на Законот за јавен ред и мир, според кои измени голем дел од прекршоците кои претходно биле во надлежност на Комисијата, во последните неколку месеци Комисијата се огласува за ненадлежна да постапува по овој вид на прекршоци и предметите во поголем број се доставени на постапување во судот.

Заради намалување на заостатокот, по одржаната седница на судии на ден 02.11.2022 год. ќе се превземат следниве дејствија:

1. Ќе се донесе и изготви измена и дополнување на Годишниот распоред за работа на судиите во Основен суд Кочани за 2022 година на тој начин што судијата кој според овој распоред за работа постапува по прекршочни предмети ќе продолжи да постапува по прекршочните предметите кои веќе се во работа кај овој судија, а новопримените прекршочни предмети ќе се распределуваат на претседателот на судот, за да се направи обид до крајот на годината во прекршочната област заостатокот да се намали.

2.Заради намалување на заостатокот на предмети од областа на извршување на прекршочни санкции уписникот ЗАВ-Х од референтот Милица Таушанова ќе се даде во работа на референтот Бојан Зафировски, кој исто така ќе земе во работа и дел од предметите за извршување на санкции кои се однесуваат на изречените забрани, со што се очекува до крајот на годината да се намали заостатокот на предмети од уписник ИПРК.

## II. СОСТОЈБА СО СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ИСТИТЕ

Врз основа на добиените податоци од АКМИС системот во Основен суд Кочани заклучно со месец октомври 2022 година се утврдува дека најголем заостаток на стари нерешени предмети во Основен суд Кочани, постари од 3 години (сметано од првиот ден на приемот), во кривичната област се вкупно 17 предмети, од кои 5 кај судијата Сузана Спасова, а останатите кај судијата Катерина Цоневска.

Имајќи во предвид дека во 2021 година бројот на стари кривични предмети изнесувал 30, евидентно е намалувањето на остатокот на вакви стари предмети повеќе од три години, па се очекува дека бројот на стари нерешени предмети постари од три години ќе се намали до крајот на годината, имајќи во предвид дека судиите кои постапуваат во кривични полнолетни предмети даваат преоритет при решавањето на овие предмети, и голем дел од нив се во крајни фази на постапката.

Судиите на секои три месеци доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети со план за мерките и дејствијата што треба да се превземат и проекција за рокот во кој предметот треба да се реши, истите согласно Судскиот деловник ќе дадат приоритет во решавањето на овие предмети и ќе ги закажуваат рочиштата во пократки временски интервали.

Доколку при решавањето на овие предмети се појават или веќе постојат пречки поради непостапување на некој државен орган, институција или други субјективни и објективни пречки, судиите за тоа ќе го известат претседателот на судот заради заедничко упатување на ургенции, барања и слично, а особено ако се појават такви проблеми околоу доставата што ја врши судската служба или непостапување на вешти лица.

Доколку се јави потреба, а заради надминување на некои пречки, правни дилеми, недостатоци на обвинението и слично, претседателот на судот ќе организира заеднички состаноци со надлежното обвинителство, претставници на МВР, Адвокатската комора, ќе иницира средби со вешти лица, нотари, извршители и сл., или консултации со судии од

второстепениот надлежен суд.

Претседателот на судот ќе испрати писмено известување до сите нотари, како повереници на овој суд во постапувањето со оставинските предмети доверени во работа од страна на судот, со тоа што ќе се бара истите да доставуват извештаи за постапување по старите предмети, причините поради кои истите не се решени и план за нивно решавање, а по потреба ќе се одржуваат и седници и средби со истите на кои ќе се разгледуваат старите оставински предмети и ќе се предлагаат мерки за нивно решавање.

Со вака предвидените мерки и активности може реално да се очекува дека до крајот на 2022 година во Основен суд Кочани ќе се намали бројот на стари нерешени предмети и ќе се намали вкупниот заостаток на предметите, под услов да нема непредвидено зголемен прилив на нови предмети, и со исклучок на предметите кои не можат да се решат од објективни причини, а тоа ќе придонесе за ажурност во работењето на овој суд, намалување на поплаките и претставките од граѓаните на работата на судиите, и намалување на трошоците за исплата на ангажирани бранители по службена должност и исплата на надоместоци поради судење во неразумен рок.

Сепак со оглед на реалната состојба во судот, постапување на само шест судии заедно со претседателот од предвидените според систаматизација десет судии, нереално е да се очекува дека оваа година Основен суд Кочани ќе биде ажурен суд.

Претседател на ОС Кочани
М-р Сузана Милевска

Да се достави:
- за судиите, на мрежа
-до нотарите, повереници на ОС Кочани
-до ССРСМ и АС Штип

03-11-22